РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 1409-273/6

23.09.2020 год.

Република Северна Македонија
Меѓународен Универзитет Визион
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
Uluslararası VISION Üniversitesi
International VISION University
Гостивар

| Примено / E pranuar / Kabul tarihi | 02.10.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. Nj.org. Org.bir. | Број Numër No. | Прилог Shtojcë Neano | Вредност Vlera Deger |
| 03 | 1287/2 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 4 седница одржана на 08.07.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за акредитација на студиската програма „Архитектура“, од прв и втор циклус интегрирани академски студии на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар

1. Се акредитира студиската програма за „Архитектура“, од прв и втор циклус интегрирани академски студии на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 300 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер на науки по архитектура /во меѓународен промет академски назив Master of sciences in architecture

Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки.
Научно – истражувачко поле: Архутектура, урбанизам и планирање
Научно – истражувачка област: 20100 архитектонско проектирање и дизајн, 20101 структурални анализи, 20102 нормативи во организација на просторот, 20103 развој на архитектурата и урбанизмот и културното наследство, 20104 методологија на проектирање, 20105 градски центри, 20106 рурална средина, 20107 инфраструктурални системи, 20108 материјали и технологија на градење, 20109 стандардизација на материјали и типизација на делови и градежен склоп, 20110 монтажа во масовна изградба, 20111 префабрикација и монтажа во архитектура, 20112 архитектонски конструкции, 20113 конзервација и ревитализација на културно историски споменици, 20114 урбано и просторно планирање и проектирање, 20115 урбанистички нормативи, 20117 архитектонска физика и 20118 друго

4. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 30 студенти.